# ЕВРОПСКА ДЕКЛАРАЦИЈА ЗА ХРАНА, ТЕХНОЛОГИЈА И ИСХРАНА

## *Преамбула*

*Ние, учесниците на Првиот европски Конгрес за храна (Љубљана, Словенија, 2008 година) ја потврдуваме ОХЗ/СЗО (FAO/WHO) Декларацијата за исхрана (Рим, 1992 година) и СЗО (WHO) Декларацијата за безбедност на храна (Пекинг, 2007 година). Со оваа Декларација сакаме да ги истакнеме сите елементи што се однесуваат на храната, технологијата и исхраната што се од важност за Европа.*

## КОМУ Е НАМЕНЕТА?

Европската декларација за храна, технологија и исхрана е наменета на европските потрошувачи, креаторите на политики во тоа подрачје, научната заедница, европската индустрија за храна и другите заинтересирани групи.

## ХРАНА И ИСХРАНА

Храната е неопходна за растот, развојот и функционирањето на човечкиот организам. Добрата исхрана е урамнотежена исхрана што обезбедува соодветен дневен внес на сите видови хранливи материи и оптимален внес на енергија во човечкиот организам.

Храната мора да биде безбедна, хранлива и достапна на потрошувачот на одржлив начин што ќе му овозможи зачувување на сопственото достоинство и културен идентитет.

## ЕВРОПСКА НАУКА ЗА ХРАНА, ТЕХНОЛОГИЈА И ИСХРАНА

Европските професионалци и стручњаци од областите на храна, технологија и исхрана, преку примена на базичните науки во апликативните научни области, постојано придонесуваат во: развојот на производство и преработка на храната, нејзиното чување, конзервирање, дистрибуција како и во човечката исхрана и добросостојба. Овие стручњаци и професионалци се поврзани во многу научни и професионални здруженија. Ваквите здруженија обично се организирани на национално ниво, но вообичаени се и за пошироки региони што имаат исти навики во исхраната. Тие може да се организирани на ниво на заинтересирани групи или на ниво на една научна дисциплина како што се: биологија, хемија, биохемија, биотехнологија, микробиологија, инженерство, исхрана, медицина и други сродни науки од ова подрачје.

Целта на оваа Декларација е да обезбеди заеднички фокус за сите наведени дисциплини и да им служи како на жителите на Европа, така и на научната заедница, политичарите, законодавците и индустријата на оптимален начин. Оваа поврзаност во меѓународни рамки ќе ѝ овозможи на Европа да биде конкурентна на меѓународниот пазар, да ја зголеми достапноста на здрава храна и да биде предводник во поставувањето на стандарди што ќе бараат целосно и доследно почитување на науката и стручноста.

## ПОВРЗУВАЊЕ НА ЕВРОПСКИТЕ НАУКИ ЗА ХРАНА, ТЕХНОЛОГИЈА И ИСХРАНА

Целта на оваа Декларација е да поттикне дебата помеѓу европските професионалци и научници од областа на храната, технологијата и исхраната и да воспостави механизми со чија помош сакаме да постигнеме интеграција. Втората цел е да се помогне во хармонизирањето на европската индустрија за храна и на системите и стандардите за квалитет и безбедност на храна. Сите овие иницијативи ќе помогнат да се прошири влијанието на професиите од областите на храната,

технологијата и исхраната врз технолошката, научната, политичката, еколошката, социјалната и културна свест и мисла во Европа. Секако дека сево ова треба да се постигне без да се наштети на исхраната и на локалните специфики на храната и исхраната. Токму таа разновидност е поттикнувач на идните откритија и иновации.

## ГЛАВНИ ТЕМИ

Оваа Декларација треба да ги поттикне следниве специфични теми:

- Храната е многу важна стратешка и политичка тема;
- Загадувањето на храната со микробиолошки, хемиски и физички агенси или алергени се најголема грижа на јавното здравје;
- Локалното производство на храна влијае врз регионалната култура, зачувувањето на биолошкиот диверзитет и придонесува за регионална социјална и економска стабилност;
- Долгите транспортни синџири може да го намалат квалитетот на храната и да имаат штетни последици врз животната средина;
- Храната има клучна улога при воспоставувањето и одржувањето на добрите прехранбени навики, како дел од здравиот животен стил во текот на целиот живот;
- Порастот на појавите на дебелеење и хронични неинфективни болести поврзани со храната претставуваат загрозување на јавното здравје и предизвикуваат големи трошоци во системот на социјалното осигурување;
- Нивото на образование и постојниот трансфер на технологии во оваа област не се соодветни и не дозволуваат потрошувачите да направат информиран избор;
- Тренингот и едукацијата на сите чинители на системот на храна претставува голем предизвик.

## ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ ШТО ТРЕБА ДА СЕ ОДРЖУВААТ И ДА СЕ ПРОМОВИРААТ

Достапноста на соодветно количество безбедна храна е основно човечко право на секој потрошувач:

- Секој човек има право на точни информации за храната, исхраната и нивното влијание врз здравјето;
- Производството, преработката, транспортот и дистрибуцијата на храна мора да се изведуваат на одржлив начин, земајќи ги предвид еколошките, социјалните и етичките последици, како и законските одредби, вклучувајќи ја и следливоста;
- Треба да се поддржат технолошките достигнувања во развој на храната што е наменета за целни групи потрошувачи кои имаат специфични потреби во исхраната;
- Во соработка со индустријата и законодавците (пр. изготвувачите на законите и правилниците), мора да се почитува чесното и соодветно означување на храната;
- Основна потреба е постоење на комуникација со медиумите на разбирлив начин, на научна основа и врз основа на податоци;
- Промоцијата на здравиот начин на живеење и исхрана има клучна улога при спречувањето и намалувањето на појавата на болести;
- Секој има право уште во раните години на животот да се едуцира за начините на производство на храна и исхрана и со тоа да може да биде способен да преземе лична одговорност за сопственото здравје и изборот на храна;
- Сопствениците на претпријатијата во прехранбената индустрија мора да ја препознаат потребата за експертиза во областите на исхрана и безбедност на храната и да осигураат соодветни ресурси за производство на безбедна храна.

## КЛУЧНИ АКТИВНОСТИ

Оваа Декларација ги поддржува следниве клучни активности:

- Покрај законските одредби, производителите, преработувачите и трговците со храна, мора да ги почитуваат и етичките начела во целиот синџир на производство на храна;
- Експертите мора да работат во согласност со професионалните и етички начела;
- Владините тела и другите одговорни институции мора да ги подготвуваат националните политики за храна на начин што ќе овозможи полесно и поефикасно адаптирање на идните глобални промени;
- Владините тела и другите одговорни институции мора да ги развиваат националните политики во однос на храната, земајќи ги предвид социјалните и културните разлики, како и специфичните искуства и потреби на населението;
- Научниците и технолошките експерти, во областа на храната, мора да се борат за образовно-воспитен систем што ќе резултира со ефикасен трансфер на знаења и подобро информирани потрошувачи;
- Секој треба да преземе лична одговорност за сопственото здравје и изборот на храна;
- Потписниците ќе сторат сѐ што е во нивната моќ да осигураат почитување на сите начела во оваа Декларација.

Потпишано од

Проф. д-р Петер Распор, претседател на Првиот европски Конгрес за храна, во името на Комитетот на амбасадори на конгресот, од 41 земја.

Комитет на амбасадори:

Ilirjana Boci represented by Haxhi Allmuca, Albania; Ashot Saghiyan, Armenia, Wolfgang Kniefel represented by Gerhard Schleining, Austria; Koen Dewettinck represented by Bart Heyman, Belgium; Faruk Čaklovica, Bosnia and Hercegovina; Iordanka Alexieva represented by Laska Rangelova, Bulgaria; Mate Bilić replaced by Martina Piasek, Croatia; Athina Panayiotou, Cyprus; Jana Hajšlová, Czech Republic, Henning Otte Hansen, Denmark; Toomas Paalme, Estonia; Anu Kaukovirta-Norja represented by Helena Pastell, Finland; Paul Colonna represented by Michel Franck, France; George Kalantzopoulos replaced by Ioannis Samelis, Greece; Giorgi Kvesitadze replaced by Tinatin Sadunishvili, Georgia; Sabine Kulling, Germany; András Salgó, Hungary; Inga Thorsdottir, Iceland; Francis Butler represented by Brian McKenna, Ireland; Rosangela Marchelli, Italy; Daina Karklina replaced by Aija Mengaile, Latvia; Rimantas Venskutonis, Lithuania; Torsten Bohn, Luxembourg; Vladimir Kakurinov, Macedonia; Anna McElhatton, Malta; Slavko Mirecki, Montenegro; Bernd van der Meulen represented by Sarah De Vito, Nederland, Wenche Frølich, Norway; Włodzimierz Grajek, Poland; Xavier Malcata represented by Ana Oliveira Madsen, Portugal; Mona Popa, Romania; Iosif Rogov, Russia; Miomir Nikšić, Serbia; Peter Šimko represented by Norbert Bomba, Slovakia; Božidar Žlender, Slovenia; Manuel Vázquez, replaced by Ascension Marcos, Spain; Anne-Marie Hermansson, Sweden; Klaus Zimmermann replaced by Yasmine Motarjemi, Switzerland; Fatih Yildiz, Turkey; Sergey Fedosov, Ukraine; David White, UK.